Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 299 16 мај 2022 година

мај 2022 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Збирка предавања по судска медицина” од насл. доц. д-р Наташа Давчева, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Математика 1 за технички факултети“ од вон. проф. д-р Билјана Златановска, ред. проф. д-р Лидија Горачинова-Илиева, вон. проф. д-р Лимонка Коцева-Лазарова и доц. Д-р Марија Митева, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 7

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ЗБИРКА ПРЕДАВАЊА ПО СУДСКА МЕДИЦИНА” ОД НАСЛ. ДОЦ. Д-Р НАТАША ДАВЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-48/9 од 272. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД – Штип, одржана на 11.2.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јоже Балажиц, редовен професор за наставно-научната област судска медицина при Медицински факултет во Љубљана, Универзитет во Љубљана, Република Словенија;
- д-р Ценгис Јашар, насловен вонреден професор за наставно-научната област патолошка анатомија при ФМН, УГД - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ЗБИРКА ПРЕДАВАЊА ПО СУДСКА МЕДИЦИНА**” од **насл. доц. д-р Наташа Давчева,** наменет за студентите од прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Наслов: „ЗБИРКА ПРЕДАВАЊА ПО СУДСКА МЕДИЦИНА”**
**Авторка: доц. д-р Наташа Давчева**
**(предмет Судска медицина, 10 семестар, број на часови 2+1+1)**

Ни претставува голема чест именувањето од страна на деканката на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, за рецензенти на оваа **Збирка предавања по судска медицина** наменета за студентите по медицина.

Оваа збирка е оформена врз база на предавањата по судска медицина за студентите по медицина (10 семестар, 2+1+1) и е напишана на разбирлив јазик, што овозможува запознавање со основите на судската медицина како посебна медицинска специјализација, која е еден вид на надзорна медицинска гранка и како таква е десна рака на правосудството и истражните органи.

Скриптата содржи 106 страници во форма на текст и фотографии, како и скици, така што е поделена на вкупно дванаесет поглавја.

Во воведното поглавје студентите се запознаваат со судската медицина како медицинска наука и каде им се прикажани нејзините основни должности и стручни вредности.

Останатите единаесет поглавја се наменети за потесни и специјализирани судско-медицински подрачја, во обем кој треба да го познава студентот по медицина на дипломските студии на Медицинскиот факултет. Поглавјата се документирани со вкупно 66 фотографии и скици од актуелната форензична проблематика, кои на збирката ѝ даваат посебно значење и полесно апсолвирање на текстот, во кој, меѓу другото, се наоѓаат и поединечни судско-медицински примери.

Поглавјата го опфаќаат целото подрачје на класичната судско-медицинска наука но, исто така, содржи и најнови стручни и научни достигнувања, што авторката го поткрепува со употребата на стручната литература која се наоѓа наведена во вкупно 25 референци од репрезентативната судско-медицинска литература. Во скриптата се наведени исто така основите на современите збиднувања во судско-медицинската струка, всушност подрачјето на форензичната генетика и медицинската етика и деонтологија.

Поглавјата во скриптата на логичен начин го следат редоследот на предавањата, така што скриптата завршува со поглавјата кои се однесуваат на идентификацијата и форензичната токсикологија. Ова учебно градиво, како дополнување на усните предавања и клинички вежби по судска медицина, е сосема доволно како основна литература при учењето на испитот. Врз база на тоа, по завршениот испит по судска медицина студентот по медицина веќе е сосема доволно обучен за да подоцна како лекар во текот на клиничката пракса ги извршува основните судско медицински должности.

Оценуваме дека збирката претставува особен придонес кон стручните и научните достигнувања во судско-медицинската наука и како таква ќе претставува учебно градиво дури и за студентите по дентална медицина, како и студентите по право. Заради лесната читливост и јасноста на изложената проблематика исто така ќе биде добар стручен прирачник за лекарите од другите медицински специјалности, како и другата стручна и нестручна публика.

**ЗАКЛУЧОК**

Конкретната збирка на предавања во форма на скрипта заслужува висока стручна оцена и затоа му препорачуваме на Факултетот за медицински науки да продолжи со постапката на издавање на предметната скрипта и што побрзо да ја воведе во практична употреба за студентите по медицина.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Јоже Балажиц, редовен професор,**
**Медицински факултет во Љубљана, Универзитет во Љубљана, с.р.**
**Д-р Џенгис Јашар, насл. професор,**
**Факултет за медицински науки, УГД – Штип, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МАТЕМАТИКА 1 ЗА ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТИ“ ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ЗЛАТАНОВСКА, РЕД. ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА ГОРАЧИНОВА-ИЛИЕВА, ВОН. ПРОФ. Д-Р ЛИМОНКА КОЦЕВА-ЛАЗАРОВА И ДОЦ. Д-Р МАРИЈА МИТЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1502-59/23 од 209. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика, одржана на 4.4.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јордан Живановиќ, редовен професор во пензија на Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Мартин Лукаревски, вонреден професор на Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МАТЕМАТИКА 1 ЗА ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТИ**” **од авторите д-р Билјана Златановска, д-р Лидија Горачинова-Илиева, д-р Лимонка Коцева-Лазарова и д-р Марија Митева,** наменет за студентите на прв циклус студии за сите технички факултети при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Математика 1 за технички факултети“ од авторите д-р Билјана Златановска, д-р Лидија Горачинова-Илиева, д-р Лимонка Коцева-Лазарова и д-р Марија Митева, во кој се опфатени содржините од задолжителниот предмет Математика 1, потребни за студентите од техничките факултети - прв семестар на студии, како и дел од содржината на задолжителниот предмет Калкулус 1 на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови 3+2+2.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот „Математика 1 за технички факултети“ од авторите д-р Билјана Златановска, д-р Лидија Горачинова- Илиева, д-р Лимонка Коцева-Лазарова и д-р Марија Митева е напишан на македонски јазик, содржи вкупно 280 страници, А4 формат без прилози, со фонт Arial во македонска поддршка, големина на фонт 11 и проред 1,0. Учебникот е поделен во десет теми распоредени во согласност со наставната програма на наведените предмети. Користени се 50 библиографски единици. Обемот и содржината на приложениот ракопис се во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков практикум, по обем и содржина, што одговара на предвидената наставна програма по предметот Математика 1 на техничките факултети и предметот Калкулус 1 на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата содржина се конципирани во 10 теми и литература. Секоја од овие теми содржи основни дефиниции, теореми, докази, објаснувања и решени примери за здобивање на потребните знаења за темата.

**Тема I: Математичка логика.** Поим за исказ; Операции со искази; Исказни формули; Логички закони; Предикати. Квантифатори.

**Тема II: Основни поими од теорија на множества и алгебра.** Поим за множество; Операции со множества; Декартов производ на множества; Релации; Пресликувања; Операции.

**Тема III: Реални броеви.** Дефиниција на реалните броеви; Реална права; Математичка индукција; Ограничени множества; Апсолутна вредност и растојание; Интервали, околини, отворени и затворени множества.

**Тема IV: Комплексни броеви**. Конструкција на комплексните броеви; Конјугиран комплексен број. Модул; Геометриска интерпретација на комплексните броеви; Тригонометриска форма на комплексен број. Моаврова формула; Коренување на комплексни броеви. Примитивен n-ти корен на единицата.

**Тема V: Матрици и детерминанти**. Матрици; Операции со матрици; Некои специјални матрици; Детерминанти; Минори и алгебарски комплементи; Пресметување на инверзна матрица; Крамеров систем од линеарни равенки; Гаусов алгоритам; Ранг на матрици; Карактеристичен полином на матрица**.**

**Тема VI: Векторска алгебра.** Вектори; Собирање на вектори; Множење на вектор со реален број; Координати на вектори; Колинеарни и компланарни вектори; Скаларен производ; Векторски производ; Мешан производ.

**Тема VII: Основни поими од аналитичка геометрија во простор: рамнина и права**. Општа равенка на рамнина; Сегментен облик на равенка на рамнина; Равенка на рамнина низ три неколинеарни точки; Параметарски равенки на рамнина; Нормирана равенка на рамнина; Односи меѓу рамнини; Равенки на права; Односи меѓу две прави; Однос меѓу права и рамнина.

**Тема VIII: Низи.** Дефиниција на реална низа. Конвергенција и гранична вредност; Ограничени и монотони низи; Операции со низи; Нула-низи и низи што неограничено растат по апсолутна вредност; Бројот е некои специјални низи; Кошиев критериум за конвергенција на низи; Поднизи.

**Тема IX: Реална функција од една променлива.** Основни поими. Примери на функции и некои класи на функции; Гранични вредности и непрекинатост.

**Тема X: Диференцирање.** Дефиниција на извод на функција; Диференцијал на функција; Правила за пресметувања на изводи; Правила за диференцирање и таблични изводи; Изводи на функции во параметарска и имплицитна форма; Основни теореми на диференцијалното сметање; Правило на Лопитал; Монотоност и екстреми на функција; Конкавност, конвексност и превојни точки; Испитување на текот и цртање на график на функција; Изводи и диференцијали од повисок ред; Тејлорова формула.

Во секоја тема, освен што се дадени основните дефиниции, разработени се и теореми со докази на поголем дел од нив. Дадени се решени примери кои ја поткрепуваат теоријата.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на прегледаниот материјал и на погоре изложеното, учебникот „Математика 1 за технички факултети" за студентите од техничките факултети при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип може да се користи како соодветен учебник за изучување на Математика 1 и Калкулус 1 во прва година на студии. Затоа предлагаме, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика поднесениот ракопис да го прифати како учебник **„Математика 1 за технички факултети".**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Јордан Живановиќ, редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Мартин Лукаревски, вонреден професор, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| **Билтен 16.5.2022 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | Биолошкиот и цитогенетски ефект на микотоксините | 2002-128/30 од 26.4.2022 г. | Проф. д-р Невенка Величкова | Зебибе Деари |